РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-399
18. 12. 2020 година
С к о п ј е

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 и член 13 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), а во врска со член 92 ставови 1 и 3 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4322/1 од 25.11.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, од која најмалку половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот, од страна на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година согласно Заклучокот арх.бр.02-4556/14 од 17.12.2020 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка –јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, заради извршена повреда на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а казнива по член 148 став 1 точка 14 и став 2 од истиот Закон, на начин што Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 3-ти ноември 2020 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, односно емитуваше 50 минути и 12 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е 4.60% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (18 часа 12 минути и 17 секунди), или за 4 часа 37 минути и 29 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела од законскиот минимум што радиодифузерот е должен да го емитува. Исто така, Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, половина од законскиот минимум за емитување на програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела (2 часа 43 минути и 51 секунда) не го емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот, односно воопшто не емитуваше изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4322/1 од 25.11.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 25-ти ноември 2020 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитуван на 3-ти ноември 2020 година, на локално ниво, при што констатираше прекршување на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Согласно член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, од која најмалку половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

Со надзорот е констатирано дека на 3-ти ноември 2020 година, Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуваше 50 минути и 12 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е 4.60% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (18 часа 12 минути и 17 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 3-ти ноември што влегува во пресметка за изворно создадена програма (18:12:17) е 5 часа 27 минути и 41 секунда, при што констатирано е дека Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ емитуваше за 4 часа 37 минути и 29 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела. Половина од законскиот минимум (05:27:41) е 2 часа 43 минути и 51 секунда програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период воопшто не е емитувана изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4322/1 од 25.11.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ на 27.11.2020 година, испрати Допис наш Уп1 бр.03-399 од 27.11.2020 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4322/1 од 25.11.2020 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави појаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во предвидениот рок, Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина

Лабуништа ДООЕЛ не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 и член 13 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 92 ставови 1 и 3 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4322/1 од 25.11.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-4556/14 од 17.12.2020 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Заменик на Претседателот на Советот,**

**д-р Милаим ФЕТАИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4322/1 од 25.11.2020 година.

**Доставено до:**

- Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ;
-Управителот на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ;
-Одговорното лице на програмата во Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ;
-Секторот за правни работи;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:

25.11.2020
10 4322/1

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ

3. **Период опфатен со надзорот:** 3 ноември 2020 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 25 ноември 2020 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на локално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 6 часа програма на телевизија);

- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитуван на 3 ноември 2020 година, на локално ниво, **констатирано е прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да

емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а се обврзани и најмалку половина од законскиот минимум (од 30%) програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, да ја емитуваат во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 3 ноември 2020 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитуваше 50 минути и 12 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е **4.60%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (18 часа 12 минути и 17 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 3 ноември што влегува во пресметка за изворно создадена програма (18:12:17), е 5 часа 27 минути и 41 секунда. ТВ СПЕКТРА емитуваше за 4 часа 37 минути и 29 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Половина од законскиот минимум (од 05:27:41) е 2 часа 43 минути и 51 секунда програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, **во периодот од 7:00 до 19:00 часот**. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, **воопшто не е емитувана изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела.**

**8. Опис на прекршувањето:**

<u>**Спротивно на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**</u>, телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, на 3 ноември 2020 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***